| **Недела 15**: **Датум:**<br>**број на час: 30** | | | **ТЕМА: 1А Тема 8.1 Сили и движење П1**<br>Единица: **Истражување на движење  3** | | | Одд.  **VIII** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Активности** | | **Ресурси** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Ц/Г/И** | | |
| 5 мин | Ученикот идентификува трендови и шаблони во резултатите, притоа правилно користи различна опрема. Претставува резултати соодветно во табели, дијаграми или графикони. Проверува предвидувања користејќи докази. | Јас можам да вршам синтеза и корелации меѓу изучени физички поими. | Наставникот и учениците уште еднаш ги ревидираат критериумите за успех и критериумите за презентација. | Г/ З | Бараните ресурси ќе зависат од избраните методи на истражување Најверојатно ќе биде потребно : стоперки, метар , линијари, хартија<br><br>Материјали за презентацијата (пр. хамери, маркери, итн) Презентациите ќе ви помогнат да утврдите што разбрал секој од учениците. | Прашања, одговор, дискусија |
| 35 мин | Ученикот споредува резултати со предвидувања. Идентификува резултати со отстапка и предлага подобрувања на истражувањето. Дискутира објаснувања за резултати користејќи научно знаење и разбирање. Јасно ги споделува со другите. Претставува заклучоци на другите на соодветни начини. | Можам резултатите од истражувањето да ги анализирам и оценувам како и јасно да ги презентирам пред другите. | По завршувањето на истражувањето и домашната работа од претходниот час групите една по друга го презентираат истражувањето. На крајот од секоја презентација, публиката може да поставува прашања врзани за презентацијата. | Г | | Дискусија, Презентација Заклучоци Чек листи Формулар за вреднување |
| **Организација: Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување/ домашна работа Клучна терминологија** | | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Вовед:** Наставникот, ги води учениците во текот на сите активностите.<br>**Групни активности:** Ученици вршат целосно истржување со сите негови чекори. | | предвидува, внесува, толкува, споредува, оценува, опишува, објаснува, заклучува ; |

Предлог од наставникот кој може да го дополнат учениците, доколку имаат добра издржана основа.

**Чек листа за проверка при оценување на усна презентација**

| **Организација** | I | II | III | IV |
|---|---|---|---|---|
| Презентираниот материјал има јасен вовед | | | | |
| Презентираниот материјал има развој | | | | |
| Презентираниот материјал има заклучок | | | | |
| Материјалот е јасно поврзан со тематиката на презентацијата | | | | |
| **Содржина** | | | | |
| Презентацијата дава релевантни информации | | | | |
| **Презентација и способности за усна презентација** | | | | |
| Презентерот зборува јасно | | | | |
| Презентерот поставува прашања и дава одговор на прашањата | | | | |
| Одговорите што ги дава презентерот се јасни | | | | |

**Формулар за вреднување на ученикот**

1. Дали си задоволен со презентацијата? Доколку е одговорот да кажи зошто.
2. Дали сметаш дека другите ученици од паралелката ( слушателите ) беа заинтересирани за твојата презентација? Како дојде до тој заклучок?
3. Доколку се побара од тебе да ја повториш презентацијата што би променил во неа и зошто?
4. Која е најважната информација што ја презентираше?
5. Зошто оваа информација е важна?
6. Дали има нешто друго што би сакал да научиш за оваа тематика?